Цементарница "УСЈЕ" АД
Бр. 02-204/2
30.05 20 25 год.
СКОПЈЕ

**ТИТАН УСЈЕ АД СКОПЈЕ**

# С Т А Т У Т

**на**

**ТИТАН УСЈЕ АД Скопје**

**Скопје, Мај 2025 година**

Врз основа на член 418 од Законот за трговски друштва, член 18 од Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скоје, Одлуката за донесување на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје бр.02-300 од 19.03.1998 година, Одлуката бр.02-1219 од 03.12.1998 година за измени и дополнувања на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Одлуката бр.02-553 од 03.06.1999 година за дополнување на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Одлуката бр.02-1381 од 29.07.2004 година за измена и дополнување на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Одлуката бр.02-823 од 18.04.2005 година за дополнување на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Одлука бр.02-1269 од 08.05.2006 година за измени и дополнување на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Одлуката бр.02-1390 од 22.07.2009 година за измени на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Одлуката бр.02-808 од 14.05.2012 година за измена на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Одлука бр.02-863 од 13.05.2013 година за измена на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Одлуката бр.02-735 од 29.06.2017 година за измена на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Одлуката бр.02-646 од 31.10.2022 година за измена на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје и Одлука бр.02-204 од 30.05.2025 гоидна за измена на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Одборот на директори изготви пречистен текст на Статутот на Друштвото како што следи:

# СТАТУТ
# НА ТИТАН УСЈЕ АД Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се уредуваат прашањата во врска со:

1. Фирма и седиште на Друштвото;
2. Предметот на работењето;
3. Внатрешната организација;
4. Овластувањата и целите на Друштвото како правно лице;
5. Застапување на Друштвото;
6. Основна главнина, номинална вредност и број на акции;
7. Траење на Друштвото;
8. Собрание;
9. Вид, структура и избор на органот на управување и неговите овластувања;
10. Начинот на објавување во Друштвото;
11. Право да се биде информиран и постапки за информирање;
12. Други прашања дадени за регулирање со закон.

## II. ФИРМА И СЕДИШТЕ

### Член 2

| | |
|---|---|
| Фирмата на Друштвото гласи: | ТИТАН УСЈЕ АД Скопје |
| Скратениот назив на фирмата гласи: | ТИТАН УСЈЕ АД Скопје |

### Член 3

Друштвото има заштитен знак (трговска марка).

Заштитниот знак (трговкската марка) го определува Одборот на директори.

Заштитниот знак на Друштвото се употребува на меморандумот, хартиите од вредност, пакувањата на производите, рекламите и другиот пропаганден материјал, како и на други места по потреба.

### Член 4

Друштвото има тркалезен печат со следниот текст: ТИТАН УСЈЕ АД Скопје

Друштвото има штембил со правоаголен облик со следниот текст:

ТИТАН УСЈЕ АД Скопје, а после името има простор за број, датум и место.

Член 5

Седиштето на Друштвото е во Скопје на ул. Борис Трајковски број 94.

Член 6

Промените на фирмата и седиштето се вршат врз основа на Одлука на Собранието на предлог на Одборот на директори.

## III. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ

Член 7

Друштвото во внатрешниот промет се регистрира за вршење на сите дејности утврдени со НКД освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или на друг надлежен орган.

Во надворешнотрговското работење друштвото ќе ги објавува сите дејности утврдени со закон, освен оние за кои епотребна согласност дозвола или друг акт на државен или на друг надлежен орган.

Приоритена дејност на друштвото е:
23.51. Производство на цемент

Споредна дејност на друштвото е:
35.14 Трговија со електрична енергија

Член 8

Друштвото ќе инвестира акции, кредити или други хартии од вреднсот издадени од било кои домашни или странски друштва или компании.

Член 9

Промените во дејноста на Друштвото, т.е проширувањето или замената на дејноста, ќе се вршат со Одлука на Одборот на директори.

Друштвото без упис во трговскиот регистар може да врши и други дејности потребни за вршење работи од предметот на работењето кои непосредно не спаѓаат во рамките на вршењето на работите од предметот на работењето што придонесуваат за целосно искористување на капацитетите и материјалите што се употребуваат во работењето.

Одоборот на директори ќе го извести Собрнаието з аодлуката од став 1 на овој член на првата негова наредна седница.

Друштвото може да основа друштва, преставништва или подружници од било кој вид, а исто така може да го известира својот капитал во други друштва во земјата или во странство, со одлука на Одборот на директори.

## IV. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТОТО

Член 10

Заради остварување на утврдените дејности од предходните членови, во зависност од карактерот на процесот на трудот , оргнизацијата на работење во Друштвото се остварува пеку организациони единци и тоа: погони, сектори, служби и одделенија.

Бројот и името на организационите единици, нивната големина, внатрешната организација и местото во организационата структура, како и видот на функциите што во нив се остваруваат се определува со посебен акт.

За прашањата изнесени во овој член, одлучува Одборот на директори на Друштвото.

## V. ОВЛАСТУВАЊА, ЦЕЛИ И ТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО КАКО ПРАВНО ЛИЦЕ

**Член 11**

Друштвото е правен субјект, кое врши дејност за која е основано заради остварување на добивка.

Друштвото настапува во правниот промет со трети лица самостојно и има права и обврски на правно лице.

Друштвото има една или повеќе денарски или девизни сметки.

Друштвото за своите обврски одговара со целиот свој имот.

Друштвото е основано на неопределено време.

## VI. ЗАСТАПУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 12**

Главниот Извршен Директор е назначен од Одборот на директори и го застапува и претставува Друштвото во односите со трети лица.

Секој вид на договор или документ кој го обврзува Друштвото на било кој начин мора да биде потпишан од двајца потписници утврдени согласно одлуката на Одборот на Директори.

**Член 13**

Одборот на директори може да донесе одделни одлуки кои се однесуваат на застапувањето на Друштвото, и секогаш со писмени одлуки ќе ги назначува лицата кои ќе потпишуваат во име на Друштвото.

## VII. ОСНОВНА ГЛАВНИНА, НОМИНАЛНА ВРЕДНОСТ И БРОЈ НА АКЦИИ

**Член 14**

Висината на основната главнина на Друштвото изнесува 1.747.730.400,00 денари или 28.651.318 ЕВРА според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија (НБМ) на денот на уписот на Статутот во Трговскиот регистар.

Номиналната вредност на една акција изнесува 3.100,00 денари.

Основната главнина е поделена на 563.784 обични акции сопственост на акционерите согласно Акционерската книга, која се води во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Промената во акционерската книга се врши според извршениот пренос на акции со тргување на берза или според преносот извршен на друг начин дозволен со закон.

**Член 15**

Акциите на Друштвото кои ги поседуваат акционерите гласат на име.

Акциите од став 1 на овој член се обични акции.

Акционерите со обични акции ги имаат следните права:

1. право на глас во Собранието на Друштвото
2. право на исплата на дивиденда (дел од добивката)
3. право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото.

**Член 16**

Секоја акција дава право на еден глас во Собранието.

## VIII. СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 17**

Собранието на акционерите е орган на Друштвото каде акционерите ги остваруваат своите права во Друштвото. На секој акционер, запишан во Акционерската книга, од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на Собранието, со право на глас вклучувајќи го и правото да биде застапуван од друго лице со полномошно.

Членовите на Одборот на директори учествуваат во работата на Собранието без право на глас, освен ако не се акционери.

**Член 18**

Собранието на Друштвото особено ги има следните надлежности:

1. Го донесува и изменува Статутот;
2. Ја одборува завршната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото од претходната година и одлучува за распределбата на добивката;
3. Назначува и отповикува членови на Одборот на директори;
4. Ја одобрува работата и начинот на управување со Друштвото од страна на членовите на Одборот на директори;
5. Одлучува за зголемување или намалување на основната главнина на Друштвото;
6. Одлучува за промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;
7. Одлучува за издавање нови акции и други хартии од вредност;
8. Одлучува за преобразба на Друштвото во друга форма, како и за статусни промени (присоединување, спојување и поделба);
9. Назначува ревизори на годишната сметка и годишните финансиски извештаи;
10. Одлучува за престанок на Друштвото;
11. Дава одобренија на извршниот член на Одборот на директори да презема одделни дејствија или работи во случај Одборот на директори да одбие да даде такви одобренија;
12. Одлучува за годишниот бонус и наградите за членовите на Одборот на директори;
13. Назначува ликвидатори на Друштвото.

**а. Годишно собрание на акционери**

**Член 19**

Одборот на директори го свикува Годишното собрание најдоцна 3 (три) месеци по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната година, а не подоцна од 6 (шест) месеци по завршувањето на претходната календарска година или 14 месеци од одржувањето на последното годишно собрание.

Ако Одборот на директори не го свика собранието на време, собранието без одлагање го свикуваат со мнозинство на гласови Неизвршните членови на Одборот на директори.

Ако годишното собрание не го свикаат Неизвршните членови на Одборот на директори или од било кои причини не се одржи во рокот определен во ставот 1 од овој член , одлука за свикување на годишното собрание може да донесе судот по предлог на било кој акционер.

Генерално, следните точки ќе бидат разгледани и усвоени на Годишното Собрание на Акционери:

1.завршна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работата на Друштвото;

2.распределбата на нето добивката или покривањето на загубите;

3.одобрувањето на работата на членовите на Одборот на директори;

4.именува ревизор на годишниот извештај;

5.било кое друго прашање предложено од Одборот на директори.

Годишното собрание по завршетокот на деловната година, задолжително одлучува за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот.

За одобрување на работата на членовите на Одборот на директори, се гласа одделно, за секој член на Одборот.

Расправата и одобрувањето на работата на Одборот на директори , односно за начинот на водење на работењето на Друштвото мора да биде поврзана со расправата за годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година.

Ако собранието не ја одобри работата на Одборот на Директори или на некои од членовите на овој орган на истата седница, собранието може да одлучи да пристапи кон избор на сите членови на одборот на директори, или кон избор на нови членови на овој орган на местото на оние на кои собранието не им ја одобрило работата.

Собранието може да одлучи, членовите на Одборот на директори на кои им е одобрена работата да продолжат да ги вршат неодложните работи во друштвото, до изборот на полниот состав на овој орган, што се врши на продолжена седница што се одржува во рок не пократок од 8 (осум) дена и не подолг од 15 дена од денот на објавувањето на датумот, на кој што ќе продолжи седницата на годишното собрание. Денот на одржувањето на продолжената седница се објавува во деневен весник.

**б. Свикување и одржување на собрание**

**Член 20**

Кога тоа го бара интересот на друштвото и на акционерите, во времето меѓу две годишни собранија , може да се свика собрание.

Одлуката за свикување на собрание се донесува од страна на Одборот на директори и истото се свикува на начин и постапка како и за свикување на годишно собрание.

**Член 21**

Собранието се свикува со објавување на јавен повик до акционерите. Јавниот повик за одржување на седница на собранието се објавува на половина страница во еден дневен весник што излегува на територијата на Р. Северна Македонија. Јавниот повик се објавува и на официјалната интернет страница на друштвото, и на интернет страницата на Македонска берза.

Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, до денот на одржувањето на собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на собранието. Целосните материјали за свиканото собрание се објавуваат најдоцна во рок од 2 дена од објавувањето на јавниот повик.

Јавниот повик ќе ги содржи сите податоци за фирмата и седиштето на друштвото, место, датум и час на одржување на собранието, процедурални формалности, дневниот ред, достапноста на материјалите за Собранието на акционерите во седиштето на Друштвото и на официјалната интернет страница на Друштвото, како и опис на постапките за вклучување точки во дневниот ред и предлагање одлуки и за гласање преку полномошник.

**Член 22**

Собранието може да одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.

Собранието може да расправа за прашања кои не се уредно ставени на дневен ред, но не може да одлучува по нив.

Секој акционер има право во било кое време да поднесува иницијатива за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието кое што ќе биде свикано, по одлука на Одборот на Директори.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции, можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со вклучување на една или повеке точки во дневниот ред на собранието кое веќе е свикано, ако истовремено приложат образложение за предложената точка или ако предложат одлука по предложената точка.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции, имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред.

Барањето за вклучување на точки во дневниот ред на собранието кое е веќе свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до Одборот на директори во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието.

Барањето за вклучување на точки во дневниот ред може да се одбие само во случаи определени со закон.

Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред се објавува на ист начин како и јавниот повик за одржување на седницата, најдоцна осум дена пред денот на одржувањето.

**Член 23**

Секој акционер кој сака да присуствува на седницата на Собранието е должен да го пријави своето учество до пред одржувањето на седницата.

Акционерите можат да овластат полномошник со давање полномошно во писмена форма, без обврска да го заверат полномошното кај нотар и должни се да го информираат друштвото по писмен пат за назначувањето на свој полномошник. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека истото не го дал.

Одборот на директори составува список на пријавени акционери за учество на Собранието на акционери и го споредува со состојбата во акционерската книга издадена 48 часа пред часот на почетокот на Собранието.

**Член 24**

Пред да започне првото гласање во Собранието, акционерите го верификуваат своето присуство со потпишување на Списокот на присутни акционери. Потоа списокот го заверуваат Претседавачот на Собранието и записничар.

Само верификуваните акционери го сочинуваат кворумот за работа на Собранието. Минималниот потребен кворум е една претставена акција повеќе од половината од вкупниот број обични акции со право на глас.

**Член 25**

Ако не се обезбеди кворум за работа на собранието, собранието не може да почне со работа.

Во таков случај се закажува нов термин за одржување на собранието (презакажано собрание) за време што не е подолго од 15 дена од денот за кој што е закажано одржувањето на собранието кое што немало кворум за работа.

Новиот термин за одржување на презакажаното собрание се објавува на начин на кој што е објавено свикувањето на собранието кое немало кворум за работа.

Учеството на презакажаното Собрание повторно не се пријавува.

Пред да се започне со работа на презакажаното собрание, се пристапува кон потпишување на списокот со што секој присутен го верификува своето присуство.

На презакажаното собрание може да се одлучува само за прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на собранието без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите кои ги имаат.

Доколку не се обезбеди кворум поради постоење на виша сила, собранието ќе се одложи до отстранување на вишата сила.

Како виша сила, согласно одредбите на овој статут, ќе се сметаат настани во седиштето на Компанијата од поголем обем, како што се војна поплава, земјотрес, епидемии, затворање на граници, штрајк во сувоземниот и воздушниот сообраќај, прекин на патиштата, сообраќајна незгода како и настани на виша сила опишани погоре кои се појавиле во седиштето на компаниите кои се иматели на акции и во живеалиштата на нивните овластени претставници, вклучувајќи и било какви други објективни околности.

Известувањето до Собранието за постоење на виша сила согласно предходниот став се врши на било кој начин од кој со сигурност може да се утврди неговата веродостојност.

На презакажано собрание, не може да се одлучува за прашања за коишто според закон, се одлучува со поголемо мнозинство од мнозинството од кворумот од став 1 на овој член.

**Член 26**

Собранието го отвора и со неговата работа раководи Претседавачот на Собранието избран на последното Собрание.

Претседавачот се избира од редот на акционерите кои се присутни на седницата.

Новиот Претседавач на Собранието се избира за секоја седница на Собранието и неговиот мандат трае до избор на претседавач на наредното собрание.

**Член 27**

Претседавачот на Собранието ги има следните задачи:

1. Ја отвора седницата на Собранието;
2. Испитува и утврдува дали се исполнети сите услови за учество и гласање на акционерите;
3. Го потпишува списокот на присутните акционери на Собранието;
4. Претседава со седницата на Собранието и го одржува редот во текот на Собранието;
5. Пред гласањето го утврдува кворумот;
6. Ги утврдува резултатите од гласањето;
7. Ја затвора седницата на Собранието;
8. Ги потпишува одлуките донесени на Собранието;
9. Го потпишува Записникот од Собранието.

**Член 28**

Сите одлуки на Собранието се носат со мнозинство гласови од присутните акционери, освен оние за кои со законот или овој Статут е предвидено поголемо мнозинство како:

1. Зголемување / намалување на основната главнина, со двотретинско мнозинство акции со право на глас претставувани на собранието;
2. Престанок на друштвото, со тричетвртинско мнозинство акции со право на глас претставувани на собранието;
3. Измени на Статутот, со двотретинско мнозинство акции со право на глас претставувани на собранието;
4. Издавање акции, со двотретинско мнозинство акции со право на глас претставувани на собранието;
5. Одобрување на случајот "конфликт на интереси", со двотретинско мнозинство акции со право на глас претставувани на собранието;
6. Одобрување на барањето на извршен член на одборот на директори, со двотретинско мнозинство акции со право на глас претставувани на собранието;
7. Одлуката за трансформација на друштвото од една форма во друга, со двотретинско мнозинство акции со право на глас претставувани на собранието.

Гласањето се спроведува со јавно гласање, освен гласањето за именување и отповикување на членови на Одборот на директори кое се спроведува со тајно гласање.

По барање на еден или повеќе акционери кои имаат најмалку 1/10 од вкупниот број на гласови се пристапува кон тајно гласање на начин и постапка утврдени со закон.

**Член 29**

Пред да започне првото гласање, Претседавачот ги објавува правилата за текот и редот на Собранието. Претседавачот може да одлучи да го ограничи времето за дискусија, но тоа ограничување сепак мора да овозможи разумно време за дискусија.

Врз основа на барање на најмалку 1/10 од верификуваните акционери, Собранието ќе одлучува за ограничувањето на времето за дискусија како и за секое друго правило објавено од Претседавачот.

**Член 30**

Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, присутните акционери може да одлучат собранието да продолжи со работа во време и место коешто се определува со мнозинство на гласови од кворумот на собранието.

Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, а не е донесена одлука за продолжување на работата на собранието, претседавачот го определува времето и местото на продолжување на започнатата седница.

Учеството на продолжената седница не се пријавува, туку на почетокот присутните акционери го пријавуваат своето присуство во списокот на пријавените и присутни акционери.

Ако на продолжената седница на собранието, нема кворум за работа или таа не се одржи во рокот утврден во ставот 1 на овој член, се закажува ново собрание според условите, начинот и постапката определени со Законот и овој Статут.

Одлуките донесени на собранието кое што по започнувањето со работа ја прекинало работата, без разлика дали ќе продолжи со работа, се сметаат за полноважни. На седницата на која што собранието продолжило со работа, собранието расправа и одлучува само по точките коишто не се разгледувани и по кои што не е одлучувано.

**Член 31**

За работењето на Собранието, записничарот и оверувачот на записникот подготвуваат Записник.

Записникот ќе биде подготвен најдоцна 8 (осум) дена сметано од завршувањето на Собранието и ќе биде достапен до акционерите.

Записникот го води нотар доколку Собранието одлучува за промени на:

-фирма и седиште на друштвото

-предметот на работењето

-износот на основната главнина и бројот на акциите

-избор на членови на Одборот на Директори

Кога записникот го води нотар, записникот се подготвува во рок од три дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишува нотарот и преседавачот со собранието.

Копија од записникот доставува нотарот кој го водел записникот.

Записниците заедно со прилозите се чуваат најмалку десет години.

**Член 32**

Одлуките на Собранието влегуваат во сила со денот на донесувањето доколку влегувањето во сила не е одложено на определено време.

## IX. УПРАВУВАЊЕ

### а) Одбор на директори

**Член 33**

Со друштвото раководи Одбор на директори, во рамките на Законот, овој Статут и Одлуките на Собранието.

Членовите на Одборот на директори ги избира Собранието на акционери со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на собранието.

Податоците за кандидатите треба да бидат поднесени во писмена форма и достапни до сите акционери.

Пријавата за упис во трговскиот регистар ја потпишува лицето овластено од Одборот на директори.

Собранието исто така отповикува некој или сите членови на Одборот.

**Член 34**

Одборот на директори има најшироки овластувања да дејствува во име и за сметка на друштвото во сите околности, со исклучок на оние овластувања изречно дадени само на неизвршните членови на Одборот.

Своите одлуки Одборот ги донесува со обично мнозинство на гласови. Гласот на Претседателот на Одборот е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

Одборот може да ги одржува седниците преку видео-телефон и да носи одлуки без одржување седници, согласно правилата предвидени во Законот за трговски друштва.

**Член 35**

Одборот има 6 (шест) членови.

Мандатот на членовите е 5 (пет) години со можност за повторно избирање.

Пет члена се неизвршни членови и еден е извршен член.

Два од неизвршните членови се независни членови на Одборот.

**Член 36**

Членовите на Одборот на директори од редот на своите неизвршни членови избираат Претседател на Одборот.

Претседателот на Одборот ги има сите организациони овластувања во рамките на Одборот, ги свикува и претседава со седниците и ги потпишува одлуките.

Во негово отсуство, функцијата Претседател на Одборот ја врши друг неизвршен член, избран од членовите на Одборот на директори, со мнозинство на гласови.

Членовите на Одборот можат да го отповикаат Претседателот во секое време.

**Член 37**

Одборот на директори избира Главен Извршен Директор.

Главниот Извршен Директор го застапува друштвото пред било кое трето лице.

Главниот Извршен Директор има најшироки овластувања да презема дејствија во врска со секојдневното раководење со Друштвото и тоа:

1. Извршување на одлуките на Одборот на директори;
2. Предлагање на нацртот на организационата структура на друштвото и буџетот;
3. Именување на директори за секојдневното работење на друштвото;
4. Донесува одлуки за развој на постојната организациона шема;
5. Донесува одлуки за отварање на нови работни места во рамките на постојната шема;
6. Донесува одлуки за формирање на Комисии за попис на средствата и изворите; на средствата, го организира спроведувањето на пописот и донесува Решение за усвојување на Елаборатот од извршениот попис;
7. Го застапува Друштвото;
8. Ги потпишува годишните сметки и финансиските извештаи;
9. Ги наградува вработените во друштвото по претходно утврдена методологија за наградување;
10. Назначува и отповикува членови на комисии и работни групи;
11. Изрекува мерки на работниците за кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврските од работен однос;
12. Одговорен е за односите со вработените и одлучува за сите прашања во врска со работниот однос на работниците согласно Законот, колективниот договор и другите акти на друштвото;
13. Го потпишува Колективниот договор со Синдикатот;
14.Одлучува за ангажирање на надворешни лица или извршители според потребите на Друштвото;

15. Одлучува за инвестирање, продажба, амортизација, давање под закуп или отпишување на основните средства на Друштвото во висина до 1.000.000 евра од книговодствената вредност на основната главнина на Друштвото и
16. Други обврски предвидени со Законот, одлуките на Собранието и Одлуки на Одборот на директори и овој Статут.

Правата, овластувањата и обврските на Главниот Извршен Директор ќе бидат определени со договор потпишан со Претседателот на Одборот.

Главниот Извршен Директор може да биде отповикан од Собранието во било кое време.

Главниот Извршен Директор може да биде отповикан и од Одборот на директори во било кое време.

Во таков случај, неговата дејност ќе биде суспендирана се додека наредното Собрание одлучи за тоа отповикување. Во текот на времето на суспензија, Одборот на директори ќе именува еден од неговите членови да го застапува друштвото или ќе назначи нов член да дејствува како Главен извршен директор.

**Член 38**

Главниот извршен директор, заради извршување на овластувањата утврдени со закон и со овој Статут, може да назначи раководни лица кои ќе го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото во согласност со неговите одлуки, насоки и налози.

**Член 39**

Неизвршните членови на Одборот вршат надзор над водењето на работењето на Главниот извршен директор и имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на друштвото како и имотот на друштвото.

**Член 40**

Генерално, членовите на Одборот на директори имаат еднакви права и обврски за должностите кои тие ги извршуваат.

Сепак, принципот на еднаквост не ја исклучува индивидуалната одговорност за работењето на секој од членовите.

Одборот на директори може да издаде специјална одлука со која ќе дефинира поинаков вид на обврски и одговорности за секој од членовите.

**Член 41**

Членовите на Одборот не смеат без одборение од Одборот:
1. За своја или за туѓа сметка да вршат работи кои спаѓаат во предметот на работењето на друштвото;
2. Да вршат друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице;
3. Да бидат член на орган на управување или контролор во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на работење како и друштвото и
4. Во простории на друштвото да вршат работи за своја или за туѓа сметка.

**Член 42**

На првата седница на Одборот на директори, Одборот донесува Правила за работењето на Одборот.

Одборот се состанува најмалку 4 (четири) пати годишно.

Извршниот член на одборот ќе поднесе најмалку 4 (четири) тромесечни извештаи за работењето и финансиската состојба на друштвото до Одборот на директори.

На барање на еден или повеќе неизвршни членови, извршниот член на Одборот ќе подготви и поднесе посебен извештај поврзан со работењето и дејствувањето на друштвото.

**Член 43**

Собранието одлучува за наградувањето на секој член на Одборот. Примањето на наградата е индивидуално. Членот од Одборот со писмена Изјава може да одбие да прими награда.

**Член 44**

Одборот на директори особено ги има следните овластувања:

1. Го донесува деловниот план и буџетот на друштвото;
2. Го донесува актот за внатрешната организација на друштвото;
3. Ги донесува општите акти на друштвото;
4. Управува со друштвото во рамките на работењето и ја утврдува деловната политика на друштвото;
5. Дејствува во сите околности во име на друштвото;
6. Ги утврдува насоките за работењето и развој на друштвото;
7. Ги определува овластените потписници на договорите и сметките на друштвото;
8. Одлучува за инвестирање, продажба, амортизација, изнајмување или отпис на средства во износ од 1.000.000 евра до 50% од книговодствената вредност на основната главнина на друштвото;
9. Одлучува за затворање на дел на друштвото;
10. Одлучува за зголемување или намалување на дејности на друштвото;
11. Одлучува за воспоставување или престанок на долгорочни коопреации со други друштва или лица;
12. Одлучува за основање на друштво, претставништва или подружница;
13. Ја усвојува завршната сметка, финансискиот извештај и годишниот извештај за работењето на друштвото во претходната година и истите ги доставува до Собранието на акционерите;
14. Ги подготвува и ги предлага актите за Собранието на акционери;
15. Свикува собрание;
16. Ги извршува одлуките на Собранието на акционери;
17. Го избира Претседателот на Одборот на Директори;
18. Го назначува Главниот изршен директор на друштвото;
19. Донесува одлука за давање или земање заеми;
20. Одлучува за прашања од работните односи во втор степен;
21. Одлучува по молбите и барањата на Синдикатот;
22. Ја усвојува методологијата за наградување на вработените;
23. Назначува и отповикува членови на комисиите и другите органи;
24. Го разгледува извештајот за работењето и финансиската состојба на друштвото, поднесен тромесечно од Главниот извршен директор.

Одборот на директори може да одлучи да му пренесе дел од овие овластувања на Главниот Извршен Директор, освен овластувањата кои со Законот за трговски друштва се определени како непреносливи.

Одборот не може да ги пренесе следните овластувања:

1. Затворање (престанување) или пренос на друштвото или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на друштвото;

2. Намалување или проширување на дејноста на друштвото;

3. Суштествени внатрешни организациони промени на друштвото што се определеуваат со акт на друштвото;

4. Воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за друштвото или нејзино прекинување;

5. Основање или престанување на трговско друштво што учествува со над една десетина во основната главнина;

6. Основање и престанување на подружници;

**Член 45**

Член на Одборот може да даде оставка во секое време со поднесување писмена изјава за оставката, заверена кај нотар.

Одборот на директори ќе ја прифати оставката без дискусија.

Ако оделни членови на одборот на директори престанат да ги вршат своите функции во текот на мандатот или се спречени да ги вршат, другите членови продолжуваат со работа до пополнување на испразнетото место.

Ако бројот на членовите на Одборот на директори се намали под бројот определен во Статутот, но не помал од минималниот број даден во законот, Одборот може во рок од 90 дена од денот кога на членот му престанала функцијата да го пополни неговиот состав со избор на вршител на должноста член на Одборот на директори до наредното собрание.

Донесените одлуки и преземени дејствија од страна на одборот остануваат полноважни.

Доколку бројот на членови на Одборот се намали под бројот определен со закон, под три члена, преостанатите членови мораат да свикаат собрание во рок од три дена за да се пополни составот на Одборот.

Ако собранието не биде свикано од Одборот тогаш неизвршните членови на Одборот во рок од три дена од денот на истекот на претходниот рок, свикуваат собрание.

Членот на Одборот на директори е должен овластувањата што му се дадени со закон и овој Статут, да ги врши во интерес на друштвото и на акционерите со внимение на уреден и совесен трговец и не може да биде застапуван од друго лице во работата на Одборот.

## X.ТРГОВСКИ КНИГИ, ГОДИШНИ СМЕТКИ И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

### а. Водење на сметководство

**Член 46**

Друштвото има обврска да води сметководство и да поднесува годишна сметка на начин определен со овој закон и со прописите за сметководство.

Друштвото има обврска да подготвува и да поднесува финансиски извештаи во согласност со усвоените маѓународни сметководствени стандарди.

### б. Трговски книги

**Член 47**

Друштвото во согласност со принципите на правилно водено сметководство, води трговски книги на начин што ги прави видливи сите преземени трговски правни работи, состојбата на средствата, обврските, главнината, приходите и расходите. Трговските книги мора јасно да покажат на кој начин биле започнати, водени и комплетирани сите трговски трансакции на Друштвото.

Трговските книги се водат по системот на двојно книговодство.

Трговските книги се водат на македонски јазик, со арапски цифри и со вредност изразена во денари, а врз основа на веродостојни сметководствени документи.

### в. Попис и усогласување на состојбите

**Член 48**

Друштвото мора да состави прецизен попис на целиот свој имот со наведување на вредноста на секој дел од имотот, кој се врши секоја деловна година која што трае една календарска година.

Состојбата на материјалните средства сметководствено се усогласува најмалку еднаш годишно со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември.

**Член 49**

Друштвото трајно ги чува годишните сметки и финансиските извештаи.

Трговските книги се чуваат најмалку десет години од истекот на годината за која се однесуваат.

Сметководствените документи се чуваат најмалку пет години од истекот на годината во која се искористени за составување на трговските книги, освен документите за пресметка на плати кои се чуваат трајно.

**г. Годишни сметки и финансиски извештаи**

**Член 50**

Друштвото по истекот на деловната година составува годишна сметка и финансиски извештај.

Годишната сметка вклучува биланс на состојба и биланс на успех.

Финасискиот извештај вклучува биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промени во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметковдствени политики и други белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

**Член 51**

Рокот за изготвување на годишната сметка и на финасискиот извештај не може да биде подолг од два месеци по истекот на деловната година, односно до 28 февруари. Во овој рок Одборот на директори ја усвојува годишната сметка и финансиските извештаи.

Друштвото, покрај годишната сметка и финасиските извештаи, може да изготвува финансиски извештаи и за покус период од деловната година.

Усвоената годишна сметка се доставува до Централниот регистар до крајот на месец февруари во наредната година.

Одборот на директори е должен, по завршување на деловната година, да изготви извештај за работењето на Друштвото во претходната деловна година и истиот да го стави на разгледување на годишното Собрание на акционери.

Одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа на друштвото, Одборот на директори најдоцна триесет дена од денот на нивното одобрување, но не подоцна од 30 јуни, во препис го доставува до Централниот регистар.

Податоците од годишните сметки и финасиските извештаи се јавни и достапни на сите лица на начин и во постапка одредена со Закон.

**д. Ревизија**

**Член 52**

Финасиските извештаи на Друштвото подлежат на ревизија.

Ревизијата ја врши овластена ревизорска куќа која ја избираат акционерите на Годишното Собрание.

Друштвото треба да и овозможи непречена работа на ревизорската куќа.

Овластениот ревизор поднесува извештај за извршената ревизија.

**Член 53**

Извештајот од извршената ревизија се доставува од страна на Главниот извршен директор до Одборот на директори со предлог одлука за распределба на остварената добивка.

Одборот на директори ја проверува годишната сметка, финансиските извештаи и предлог одлуката за распределба на добивката и поднесува писмен извештај до Собранието на акционери за усвојување.

**ѓ. Добивка**

**Член 54**

Собранието на акционери ја одборува годишната сметка и финансиските извештаи и одлучува за распределба на добивката.

Во Одлуката за распределба на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката.

Добивката може да се распределува на:

1. Износи за покривање на загубите од минати години доколку ги има,
2. Износите коишто се внесуваат во законски и статутарни резерви на Друштвото,
3. Износ за исплата на дивиденда,
4. Износ за дополнителни издатоци врз основа на одлуката,
5. Износ за евентуален пренос на добивката во наредната година,
6. Износот на добивката со којшто ќе се изврши зголемување на основната главнина на друштвото,
7. Износ за инвестиции.

**е. Задолжителна и статутарна резерва**

**Член 55**

Друштвото има задолжителна општа резерва, како општ резервен фонд кој се формира по пат на зафаќање од нето добивката.

Износот на средствата за задолжителната општа резерва изнесува 5% од добивката.

Издвојувањата за задолжителната општа резерва согласно ст.2 од овој член се вршат се додека резервите на Друштвото не достигнат износ кој е еднаков на 1/10 од основната главнина.

Ако така создадената резерва се намали, мора да се дополни на ист начин.

Задолжителната општа резерва може да се употребува за покривање на загубите.

Кога општата резерва го надмине најмалиот износ и по покривање на сите загуби според годишната сметка Собранието може да одлучи вишокот да се употреби за дополнување на дивидендата.

**Член 56**

Друштвото може да има посебни статутарни резерви кои се формираат по пат на зафаќање од добивката со Одлука на Собранието.

Статутарните резерви секогаш ќе бидат за посебна намена определена во Одлуката на Собранието за формирање на Статутарни резерви.

Целта, организацијата, начинот на употребата, како и износот на статутарните резерви за одредени намени се утврдува со одлука на Собранието.

За потрошените средства од претходниот став, Одборот на директори поднесува посебен извештај до Собранието.

**ж. Распределба на дивидендата**

**Член 57**

По одобрување на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдување на постоењето на добивка за распределба, Собранието на акционери го определува делот којшто им се доделува на акционерите во форма на дивиденда.

Со Одлуката на Собранието со којашто се одобрува плаќање на дивиденда се определува:

-износот на дивиденда;

-датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда;

-планот за исплата на дивидендата;

Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеци по завршување на деловната година.

**Член 58**

Одборот на директори може, во текот на деловната година, а врз основа на периодични финансиски извештаи за трите, шестте или деветте месеци потврдени од овластен ревизор, да им исплати на акционерите аванс на име дивиденда.

Одборот на директори може да го исплати авансот на дивиденда само до износот на добивката којашто е остварена во периодот за кој се исплаќа авансот на дивиденда, при што не може да ја надмине вкупната добивка остварена во претходната година одобрена со годишната сметка, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходната година и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел, намалени за износите коишто се издвојуваат за законските резерви и за резервите утврдени со статутот, за периодот за кој се пресметува авансот на дивиденда, ако не се покриени загубите од претходните години, а тие од било кои причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и финансиските извештаи.

За исплата на аванс на дивиденда потребна е согласност на сите неизвршни членови на Одборот на директори.

## XI. ПРАВО НА ИНФОРМИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

**Член 59**

Секој акционер има право да биде информиран за работењето на друштвото.

Врз основа на барање на еден или повеќе акционери, еден од членовите на Одборот или лице овластено од член на Одборот, ќе ги направи достапни за разгледување документите кои друштвото е должно да ги чува согласно Законот за трговски друштва и тоа во рок од 3 (три) дена сметано од денот на приемот на барањето. Разгледувањето ќе се врши во собата определена за оваа намена во просториите на друштвото.

Врз основа на барање на еден или повеќе акционери, неизвршниот член ќе даде информација во врска со записниците и одлуките донесени од Одборот на директори.

Друштвото може да одлучи некои, повеќе или сите документи наведени во став 2 на овој член, да ги стави на Интернет, на официјалната веб страна на друштвото.

## XII. ФОРМИ И НАЧИНИ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА АКТИ И ИЗВЕСТУВАЊЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ

**Член 60**

Органите на Друштвото ќе обезбедат редовно, навремено, целосно и достапно информирање на акционерите за работењето на Друштвото во согласност со Законот за трговски друштва.

Друштвото ќе изврши објавувања употребувајќи ги сите средства за објавување на информациите, вклучувајќи огласни табли, дневни весници, интернет, радио и ТВ.

## XIII. ДЕЛОВНА ТАЈНА И ЗАБРАНА ЗА КОНКУРЕНЦИЈА

**Член 61**

На управата, акционерите и вработените во друштвото им е забрането користењето на доверлива деловна информација на друштвото надвор од нивната работа, статус или функција. Доверливата информација не може да се користи освен со цел да се врши работата или функцијата во интерест на друштвото.

Доверлива деловна информација (деловна тајна) е секоја информација непозната на јавноста, која Одборот на директори ќе ја определи како доверлива, или која, без прејудицирање на околностите за откривање, треба да биде сметана за доверлива, без оглед како таа доверлива информација станала достапна на членот на Органот на управување, акционерот или вработениот.

**Член 62**

Членовите на Одборот на директори се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што се однесуваат на работењето на Друштвото кои ги добиле како доверливи, вклучувајќи ги податоците и документите за новите производи и маркетинг стратегијата за претставување на тие нови производи.

Оваа обврска трае и е важечка за период од 5 години по престанокот на членството во Одборот на директори.

**Член 63**

Неовластеното откривање на деловната тајна преставува тешка повреда на работната обврска која за последица може да има и престанок на работниот однос, односно разрешување од должност и ќе претставува основа за судки надомест.

Откривањето исправи и податоци кои се сметаат за деловна тајна на седницата на Собранието или на Одборот на директори на друштвото нема да се смета за повреда на обврската за чување на деловна тајна доколку тоа откривање е неопходно за извршување на нивните права и обврски.

Било кој вработен во Друштвото кој на Собранието или на Одборот на директори ќе открие такви податоци е должен присутните на таа седница да ги предупреди дека тие податоци и исправи се сметаат за деловна тајна и присутните се должни она што ќе го дознаат да го чуваат како деловна тајна.

**Член 64**

Секој член на Одборот на директори не смее да врши било каква активност или да биде член на било кој орган во друго друштво кое има сличен премет на работење, платена или не, за негова сопствена сметка или за сметка на друго лице без претходно добиена согласност од Одборот на директори.

Собранието на друштвото ќе биде известено за дадените согласности.

Доколку член на Одборот на директори ја прекрши забраната наведена во став 1 од овој член, друштвото може да бара надомест на штета.

Наместо наведеното во претходниот став, Друштвото може од членот на Одборот на директори да бара работите направени за негова сметка да се пренесат за сметка на Друштвото и да го предаде добиениот надомест за работите направени за туѓа сметка или да го отстапи своето право на надомест.

**Член 65**

Секој Договор во кој Друштвото е една од страните и во кој некој член на Одборот на директори има некаков интерес, дури и посредно, мора да биде одобрен од страна на Одборот на директори или од Собранието.

За секој договор или друга деловна активност на друштвото во која што друштвото е странка и во која што член на одборот на директори, раководните лица, лице кое има овластување да дава упатства на друштвото што се задолжителни и имаат интерес, дури и на посреден начин, мора да го извести Одборот на директори.

Лицата наведени во претходниот став ќе се сметаат како заинтересирани лица за склучување на секој договор или деловна активност со друштвото.

Како заинтересирани лица од претходниот став ќе се сметаат и застапникот, сопружникот, родителите, деца, браќа, сестри, посвоени деца или лице кое е поврзано со лицата од став 1 и 2 на овој член.

Ако член или заинтересиран член на Одборот на директори дојде до сознание дека е исполнет некој од условите од став 1 на овој член, за тоа веднаш да го извести Одборот на директори. Заинтересираниот член има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со договорот или со друга правна работа ниту во донесувањето на одлуката за давање на одобрението.

Вработените во друштвото кои непосредно или посредно се јавуваат како заинтересирани лица согласно став 3 од овој член во деловните односи со друштвото имаат обврска да го известат Главниот извршен директор.

Главниот извршен директор по негова оценка може да го сослуша вработениот или заинтересираното лице.

Собранието на Друштвото се известува на наредната седница за одобренијата дадени согласно ставовите 1 и 2 од овој член.

Непостоењето на одобрение дадено од Одборот на директори или нерегуларност на одлуката со која се дава одобрение не може да се истакнува спрема трети лица, освен ако Друштвото докаже дека третото лице знаело за непостоењето на одобрение или за нерегуларноста на одлуката, или со оглед на сите околности, не можело да не знае за тоа.

## XIV. ЗАПИСНИЦИ НА ОРГАНИТЕ

**Член 66**

За работата на органите во Друштвото се водат записници.

Записниците се водат од Записничар со регистрирање на белешки.

Записникот, по потпишувањето од овластените потписници, заедно со писмено изготвените одлуки, заклучоци и други акти се доставува до лицата задолжени за извршување. Еден примерок задржува записничарот и еден се доставува на чување во архива.

## XV.ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

**Член 67**

Друштвото престанува со одлука на Собранието.

Одлуката за престанок на Друштвото, Собранието ја донесува со 3/4 мнозинство од основната главнина преставена на Собранието на Друштвото при донесување на одлуката.

Врз основа на одлуката на Собранието ќе се спроведе постапка за ликвидација на Друштвото.

**Член 68**

Друштвото престанува со:

1. Правосилна Одлука на Судот со која се определува дека уписот на Друштвото во Трговскиот регистар бил незаконит.
2. Со припојување на Друштвото кон друго Друштво и со спојување со друго Друштво.
3. Со правосилна Одлука на Судот со која не се прифаќа спроведување на стечајна постапка заради недостиг на средства за покривање на трошоците во постапката.
4. Спроведување на стечајна постапка.
5. Со Одлука на Собрание на акционерите на Друштвото

**Член 69**

Остатокот од стечајната маса на Друштвото ќе им се подели на акционерите сразмерно на бројот на акциите што ги имаат.

## XVI. ДОНЕСУВАЊЕ И ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

**Член 70**

Овој Статут се усвојува на седницата на Собранието со 3/4 мнозинство на гласови од основната главнина претставена на Собранието на Друштвото при донесување на одлуката.

Статутот на Друштвото го потпишува Претседавачот на Собранието на акционерите.

Измени и дополнувања на овој Статут се врши во иста постапка како што е донесен.

## XVII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 71**

За се што не е предвидено со овој Статут, ќе се применуваат одредбите од законските прописи кои ја регулираат определената материја.

**Член 72**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
ПРЕТСЕДАВАЧ
Мицевски Анѓеле